РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

KOMISIONI RREGULLATOR I ENERGJETIKËS, I SHËRBIMEVE TË UJIT DHE I SHËRBIMEVE TË MENAXHIMIT ME MBETURINAT KOMUNALE I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Врз основа на член 8 став 3 од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на РМ“ бр.128/24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија го објавува следното:

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

Се известуваат сите заинтересирани правни и физички лица дека ЈКП ШАРИ Тетово, на ден 17.06.2026 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија поднесе Барање за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување за регулиран период 2027-2029 година, заведено под УП1 бр. 08–271/26 од 17.06.2026 година и Барање за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води за регулиран период 2027-2029 година, заведено под УП1 бр. 08–272/26 од 17.06.2026 година

Со поднесените Барања, ЈКП ШАРИ Тетово бара регулираниот максимален приход за секоја година од регулираниот период и просечните тарифи за секоја водна услуга да изнесуваат:

**1. За снабдување со вода за пиење или водоснабдување:**

| Опис | Единица мерка | 2027 | 2028 | 2029 |
|---|---|---|---|---|
| Регулиран максимален приход | денари | 82.290.925 | 86.275.582 | 90.371.206 |
| Количина на испорачана вода | $m^3$ | 3.320.662 | 3.420.282 | 3.522.891 |
| Просечна тарифа | ден/$m^3$ | 24,58 | 24,95 | 25,31 |
| Минимална просечна тарифа | ден/$m^3$ | 24,38 | 24,67 | 24,96 |
| Максимална просечна тарифа | ден/$m^3$ | 24,78 | 25,22 | 25,65 |

**2. За собирање и одведување на урбани отпадни води:**

| Опис | Единица мерка | 2027 | 2028 | 2029 |
|---|---|---|---|---|
| Регулиран максимален приход | денари | 12.086.258 | 14.322.671 | 15.327.404 |
| Количина на собрана и одведена урбана отпадна вода | $m^3$ | 3.126.288 | 3.220.076 | 3.316.679 |
| Просечна тарифа | ден/$m^3$ | 3,77 | 4,29 | 4,47 |
| Минимална просечна тарифа | ден/$m^3$ | 3,68 | 4,14 | 4,32 |
| Максимална просечна тарифа | ден/$m^3$ | 3,87 | 4,45 | 4,62 |

Заинтересираните правни и физички лица, мислењата и предлозите во врска со објавеното Барање може да ги достават најдоцна до 29 јуни 2026 година, до 16.00 часот во Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад преку:

- Е-пошта: erc@erc.org.mk, voda@erc.org.mk
- Факс: 02/ 32 33 586
- Адреса: Ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат, 1000 Скопје

**Скопје, 23.06.2026 година**

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**